Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Програмата за развој на обединетите Нации и општина Пехчево, Оперативниот план за активните мерки на пазарот на труд за 2015 година на Владата на Р.Македонија, односно во рамки на проектот ”Промовирање на одржливи вработувања IV“ и поддршка на Владата на Република Македонија во спроведувањето на Оперативниот план за услуги на пазарот на труд и активни програми и мерки за вработување за 2015 година и Програмата Општинско – корисна работа, општина Пехчево објавува:

# Ј А В Е Н   О Г Л А С

## за

## ,,крајни корисници,, за користење на услугите од проектот “Патронажна служба за помош и нега на стари и изнемоштени лица во домашни услови во општина Пехчево”

1. Се повикуваат сите заинтересирани граѓани од следните категории:

- стари, осамени и изнемоштени лица,
- хронично болни лица,

кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Општинско-корисна работа, проект **“Патронажна служба за помош и нега на стари и изнемоштени лица во домашни услови во општина Пехчево”** како **,,крајни корисници,, односно да бидат корисници на услуга –организирана посета од страна на обучени лица за помош и нега во домашни услови**, да поднесат Пријава за учество.

2. Работните активности кои се предвидени со проектот “Патронажна служба за помош и нега на стари и изнемоштени лица во домашни услови во општина Пехчево” предвидуваат социјална заштита и вклученост на старите/изнемоштени лица и поддршка на нивните секојдневни активности во насока на подобрување на нивната здравствена и хигиенска состојба.

Истите предвидуваат но не ограничуваат:

- услуги од основен пакет на медицинска заштита (мерење на крвен притисок, шекер во крвта и др.);
- периодично мерење на холестерол, гликоза и триглицериди во крвта;

- консултации со матичен доктор и набавка на лекови на дневна основа;
- помош при движење и заеднички прошетки;
- набавка на продукти за исхрана и др. потреби во домаќинството;
- приготвување на топол оброк/напиток;
- поддршка во одржувањето на хигиената во домот на крајниот корисник;
- вршење на поситни работи во домаќинството (мие садови, внесува дрва за огрев и сл.);
- плаќање на сметки;
- достава на храна од ЈПУД ,,Равен,, Пехчево (по пројавен интерес) и др.

3. Крајните корисници (или во нивно име друго лице) Пријави за учество во проектот "Патронажна служба за помош и нега на стари и изнемоштени лица во домашни услови во општина Пехчево" можат да поднесат во Општина Пехчево, Канцеларија за Локален економски развој (кај лицето Љупчо Каракашовски, Општински координатор за Програмата Општинско-корисна работа) и во просториите на Министерството за труд и социјална политика, Канцеларија за материјална помош – Пехчево (кај лицето Роза Пајантова, Одговорно лице за помош и нега од друго лице) во периодот од 15.05.2015 год. до 22.05.2015 година.

4. Изборот на пријавените кандидати – крајни корисници ќе биде извршен во консултации со матичните доктори и претставници од МТСП, Меѓуопштински центар за социјални работи, Канцеларија за материјални давања Пехчево.

5. Проектот **"Патронажна служба за помош и нега на стари и изнемоштени лица во домашни услови во општина Пехчево"** ќе се имплементира **во сите населени места на територијата на општина Пехчево (во Пехчево, с.Негрево, с.Црник, с.Панчарево, с.Чифлик, с.Умлена и с.Робово)** за период од 6 месеци (01.06.2015 год. – 30.11.2015 год.).

Детални информации за Јавниот оглас можат да се добијат во општина Пехчево кај лицето Љупчо Каракашовски, Општински координатор за Програмата Општинско-корисна работа на Тел: 033 441 321 лок. 14 и Моб: 075 467 503 и на следната интернет адреса: www.pehcevo.gov.mk, односно во МЦСР Берово, Канцеларија за материјални давања Пехчево кај лицата Зоран Златковски и Роза Пајантова.

За повеќе информацииии околу Програмата Општинско-корисна работа може да се обратите во Општина Пехчево, Центарот за вработување и/или Меѓуопштинскиот центар за социјална работа или на следните веб страни:

www.pehcevo.gov.mk
www.mtsp.gov.mk
www. samovrabotuvanje.mk
www.avrm.gov.mk

Општинска Комисија за следење на проектот
"Патронажна служба за помош и нега на стари и изнемоштени лица во домашни услови во општина Пехчево",